# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

Лицето А.А заедно со својот брат,подолг временски период небиле варботени, ниту имале регистрирано некакви правни субјекти-фирми. Заради продажба , купиле од Н.Н.лице 3 кгр.хероин- дрога, за 100.000 УСА долари, која била ставена во три пити кашкавал.Дрогата ја сместиле кај нивен познаник во Петрич.За да не бидат забележани од граничните власти го замолиле лицето Т.П, кој поседувал сопствено возило марка Ауди, на враќање од Турција , да се обрати кај нивниот пријател во Петрич и да им им го превезе хероинот во Струмица.Тој ги зел питите и ги пренел преку граничниот премин.Питите ги дал на браќата кој го сместиле во нивната куќа.Тие таму хероинот го пакувале во посебни етиленски врќички од по 2 грама , и преку дилери го продавале во кафулиња во Струмица.
Од ваквата продажба на дрога секој од браќата заработиле износ од околу по 150.000 евра, според кажувањата на дилерите кој им ја продавале дрогата.

Браќата биле откриени од надлежните органи, против нив била спроведена кривична постапка .Биле правосилно осудени секој на казна затвор во траење од по 7(седум ) години.

Едниот од браќата од овие пари купил стан во Струмица во вредност од 50.000евра на име на неговата сопруга.Купил викенд куќичка во Дојран во вредност од 30.00 евра на име на неговата ќерка.Како заштеда на своја сметка , внел износ од 20.000евра.Од парите купил и ПМВ Рено -меган, сопственост на неговиот син.Цената на возилото дел од 10.000 евра била од таткото, а остатокот го платил неговиот син кој бил во работен однос и зел потрошувачки кредит.При претрес на неговиот дом, била пронајдена аптекарска вага, полиетиленски кеси и пари во готово во износ од 5000 евра.

Другиот од браќата за 50.000 ден.купил куќа на име на неговиот шура.Предходно со истиот се договорил тој да ја плати цената, куќата да биде на негво име, а по истекот на 5 години, шурата со договор за поклон да ја префрли на име на неговата сопруга(која е сестра на пријавениот).
За износ од 50.000 евра купил стан во Скопје на име на неговиот тетин кој бил на возраст од 80 години. Со него се однапред договорил за овој стан , да склучи договор за доживотна издршка со неговиот син.Со истиот по смртта на тетинот, овој стан би станал сопственос на синот на обвинетиот.
За 10.000 евра купил патничко возило, кое го возел две години, а потоа за износ од 8000 евра, го продал на лицето М.В.Парите од продажбата ги потрошил за свои потреби.

Со правосилната пресуда, кој имот-предмети ќе се одземат согласно чл 100 -а од КЗ, а кој имот ќе биде предмет на конфискација?